РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-1
15.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на допис**

Почитуван

Ви благодариме за дописот (наш бр. УПП 03/1 од 03.01.2025 г.) во кој се осврнувате на програмската понуда од телевизиите достапни во државава.

Најнапред Ви предочуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) нема законска основа да им наложува на давателите на медиумски услуги како да го осмислат програмскиот концепт за кој добиле соодветна дозвола за работа, а концептот се состои од одреден процентуален сразмер програми со – информативна, образовна и забавна – функција.

Во најширока смисла за радиодифузната дејност, цензурата е забранета со членот 16 од Уставот на државата, а конкретно, според членот 3, став 4 од Законот за медиумите:

- *Издавачот на медиум е самостоен во уредничката политика, односно спроведувањето на програмскиот концепт на медиумот и истиот е одговорен за своето работење со овој и друг закон.*

Ако Вашата поплака се однесува на регулацијата телевизиски прикажувано – насилство (*садизам*) и еротика (*порнографија*), односно на содржини потенцијално штетни за малолетната телевизиска публика, тогаш одговорот е дека основата е во членот 50 – „Заштита на малолетни лица" - од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а детално разработена во подзаконскиот акт - „Правилник за заштита на малолетните лица".

Согласно вака поставените надлежности, АВМУ не може да се впушта во естетски рецензии на емитуваното во програмските сервиси. По службена должност и по конкретна претставка од гледач – за одредена играна или друг вид програма, АВМУ е должна да спроведе програмски надзор за проверка дали се почитувани критериумите за програмска категоризација зададени во Правилникот. Тоа е водилка и за одговорните уредници. Секоја играна програма е задолжително проследена со сигнализација што во прв ред ги предупредува родителите / старателите за видот, за содржината на програмата што се прикажува.

По повеќедецениско искуство – на минимум се сведени сериозните прекршувања на програмските стандарди и начела во поглед на заштитата на малолетната публика.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**По овластување на директорот**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**